**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ФИЛОЗОФИЈА ЗА ДЕЦА

## за IV, V или VI одделение*

- Наставната програма по слободниот изборен предмет Филозофија за деца (за IV,V или VI одделение) е изработена во рамки на Erasmus+ проектот SOPHIE - Philosophy with Children for Wider Social Inclusion чиј носител е Филозофското друштво на Македонија. За успешна реализација на програмата по овој предмет силно се препорачува следење на „Прирачникот за наставници за реализација на часовите по предметот Филозофија за деца за IV, V или VI одделение“ подготвен од авторите: Мартин Поповски, Маја Вачун, Томаж Грушовник, Деспина Версагиа, Нина Равник Палка, Гашпер Пирц, Лука Требежник, во рамките на истиот проект.

Ко-финансирано од Европска Унија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

**Финансирано од Европска Унија. Искажаните ставови и мислења се само на авторот(ите) и не мора да ги одразуваат ставовите на Европската унија или Европската извршна агенција за образование и култура (EACEA). Ниту Европската Унија, ниту „EACEA“ не можат да сносат одговорност за нив**

## Слободен изборен предмет: ФИЛОЗОФИЈА ЗА ДЕЦА (4, 5 или 6 одделение)

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| Наставен предмет | ***Филозофија за деца*** |
| Вид/категорија на наставен предмет | Слободен изборен предмет /изборни предмети за поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците |
| Одделение | IV (четврто), V (петто) или VI (шесто) |
| Теми/подрачја во наставната програма | • Вовед во филозофија<br>• Етика<br>• Што и како постои?<br>• Како знаеме дека нешто знаеме?<br>• Убавина и уметност<br>• Праведно општество<br>• Јас и другите<br>• Биоетика<br>• Слободна тема |
| Број на часови | 2 часа неделно /36 часа годишно |
| Норматив на наставен кадар | Дипломиран професор по филозофија, VII/1 или VIA (според МРК) и 240 ЕКТС |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од подрачјето **Јазична писменост, Математика и природни науки, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура, Уметничко изразување и култура** од Националните стандарди за основно образование

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели, |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови, |

| | |
|---|---|
| I-A.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување, |
| I-A.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со други јазици, |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудио пораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови, |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови, |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.): да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и да ги резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно), |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации, |
| III-A.5 | да препорачува /применува размер во различни контексти од секојдневниот живот, |
| III-A.6 | да донесува заклучоци кога две величини се правопропорционални и да користи пропорционалност во решавање на проблеми, на пример премин од една валута во друга, |
| III-A.23 | да толкува табели, графикони и дијаграми, да споредува резултати и да носи заклучоци за точноста на поставената хипотезата, |
| III-A.25 | да одлучува како да ги провери резултатите и да размислува дали одговорот е разумен во контекст на проблемот, |
| III-A.26 | ја оценува ефикасноста на различни пристапи на решавање на проблемот и ја подобрува постапката на решавање, |
| III-A.29 | да разгледува и одбира идеи, набљудува, предвидува и поставува претпоставки (хипотези), собира и вреднува докази, проверува предвидувања, планира, организира и спроведува истражување, евидентира, обработува, анализира и претставува резултати, евалуира и дискутира заклучоци, |
| III-A.30 | да организира и претставува квантитативни податоци табеларно, графички, со дијаграм и скици и да толкува податоци од различни области, претставени на различни начини, |
| III-A.33 | да истражува и да дискутира за влијанието на науката, технологијата и активностите на човекот врз животната средина, |
| III-A.43 | да идентификува и истражува појави во живата и неживата природа, |
| III-A.44 | да ги разбере основите на еволуцијата и основните факти за потеклото, единството и биолошката разновидност на животот на Земјата, |

| | |
|---|---|
| III-A.47 | да применува знаења за основните животни процеси кои се одвиваат на ниво на организмите со цел да го подобри квалитетот на сопствениот живот, |
| III-A.51 | да ја објаснува интеракцијата меѓу човекот и животната средина и да ги идентификува позитивните и негативните влијанија на човекот врз животната средина, |
| III-A.53 | да анализира односи помеѓу еколошките, социјалните и економските системи од локално до глобално ниво, |
| V-A.1 | да разликува здрав од ризичен животен стил кога се работи за сите сфери на живеење (вклучително навики во исхраната, спортски и рекреативни активности и сексуално однесување), |
| V-A.2 | да избира и практикува активности кои обезбедуваат развој и подобрување на сопственото ментално и физичко здравје и добросостојба, |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пр, ученик, син/ќерка), |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите што ќе му/ѝ овозможат развој и напредување, |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе си и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го приспособи сопственото однесување во иднина, |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците на своите постапки и на постапките на другите по себеси и по другите, |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина), |
| V-A.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош, |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјални притисоци, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, притоа покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижености и потреби на конструктивен начин, |

| | |
|---|---|
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни, |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите, |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките, |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки, |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми, |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење, |
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки, |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата, |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува, |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно, |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите помеѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него, |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човекови права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување, |

| | |
|---|---|
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и се ангажира за подобрување на состојбите, |
| VI-A.18 | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување, |
| VI-A.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организација на животот на луѓето, |
| VIII-A.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.2 | да ги идентификува различните манифестации на популарната култура и нивното влијание врз развојот на естетските вредности, |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| VIII-A.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења, |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела при формирањето на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување, |
| VIII-A.11 | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за неговата манифестација, |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини, и во различни форми, се овозможува ефикасна комуникација и интеракција |

| | |
|---|---|
| | (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата), |
| I-Б.3 | преку читање текстови со различна содржина и структура се развива писменоста, се формира поширок поглед за себе и за светот и се поттикнува пишувањето од потреба и од задоволство, |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење може да придонесе за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвика недоразбирање и конфликти, |
| I-Б.5 | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење, |
| III-Б.2 | знаењата од математиката наоѓаат примена во многу области на секојдневното живеење, |
| III-Б.4 | учењето математика може да биде забавно и интересно, |
| III-Б.5 | љубопитноста, систематичноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла, |
| III-Б.6 | природните ресурси на Земјата се ограничени и нивното неодговорно искористување има последици врз квалитетот на животот, |
| III-Б.8 | секоја индивидуа е одговорна за зачувување на природната средина во непосредното опкружување и пошироко и дека треба да развива еколошка свест и да делува во насока на заштита и одржливост на животната средина, |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми, |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици врз него/неа и/или врз неговата/нејзината околина, |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиштето и не се ограничува на формалното образование, |

| | |
|---|---|
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација, итн.), |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси, |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот, |
| VI-Б.4 | неселективно почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина, |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата, |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки врз другите и врз околината, |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот, |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможуваат подобро разбирање на светот во којшто живееме, |
| VI-Б.11 | секој има право да избере религија што ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор, |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитувањето на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот, |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности, |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |

| | |
|---|---|
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема 1: Вовед во филозофија**

***Знаења/вештини***

- Препознава основни филозофски прашања.
- Препознава поими на логичкото размислување, објаснување и давање аргументи.

***Ставови/вредности***

- Ја прифаќа важноста на размислувањето засновано на чувството на љубопитност.
- Ја разбира важноста на развојот на мислењето и давањето аргументи.
- Ја прифаќа важноста на внимателниот и трпелив разговор.
- Ја прифаќа важноста на соработката и чесноста при работните обврски и задолженија.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • **Чудните прашања и мисли** (филозофско прашање, размислување, објаснување, давање аргументи)<br>Број на часови: 2 | • Играта наречена „Магично микрофонско топче“ се користи за меѓусебно запознавање на учениците и за запознавање на наставникот со учениците, како и запознавањето на учениците со правилата на часовите по филозофија. Учениците седат во круг и се претставуваат еден по еден, но наведуваат и една омилена активност. Само ученикот/чката кој/а го држи топчето има „вклучен микрофон“ и може да биде слушнат/а, а другите слушаат внимателно и не може да бидат чуени затоа што немаат „микрофон“. Пред почетокот на играта учениците се запознаваат со „четирите правила на часовите по Филозофија“:<br>1. Не плашете се да го кажете она што го мислите, бидејќи не постои такво нешто како погрешен одговор;<br>2. Многу размислувајте, но уште повеќе слушајте го она што другите го велат;<br>3. Слободно кажете дали се согласувате со нечие мислење или не, но бидете подготвени да објасните зошто;<br>4. Во ред е да го смените мислењето. Луѓето што никогаш не го менуваат своето мислење се оние што никогаш не размислуваат. |

| | |
|---|---|
| | • Се чита приказната „Софи и чудните прашања“ од збирката „Мисловните авантури на Софи“ (понудена како наставен материјал со програмата), или некоја од останатите приказни („Софи и кутијата со мисли“„Софи и мудроста“, „Нова година – нова јас“, „Приказните за дедо“ и „Случајно или нужно“). Се чита бавно и внимателно и се прават паузи кога се наидува на важни филозофски прашања во приказната.<br>• Почнува разговор во врска со прашањата кои произлегле од приказната. Некои од прашањата можат да бидат: Дали се случило некој возрасен да не знае да одговори на некое твое прашање? Кое прашање било тоа? ; Дали прашањето на Софи „Дали мачињата знаат дека се мачиња?“ го сметаш за „чудно“ прашање? Зошто?<br>• Низ прашања и одговори се доаѓа до појаснување на разликата меѓу филозофските и другите видови прашања.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 1.1.) |
| • **Мислење и аргументација** (размислување, објаснување, давање аргументи, чесен и добронамерен пристап кон разговорот)<br>Број на часови: 2 | • Се чита приказната „Софи во стапица“ од збирката „Мисловните авантури на Софи“ или некоја од приказните „Софи и правилата“, „Софи и малите зборчиња“ и „Софи и необичниот ден“. Почнува разговор во врска со прашањата кои произлегле од приказната: Што мислиш, зошто Софи не може да најде едноставен одговор, со „да“ или со „не“, на прашањата на Горан?; Дали согледуваш нешто заедничко во двете прашања што Горан ѝ ги упатува на Софи?; Како ти би постапил/а да си на местото на Софи во ситуацијата со необичните прашања?; Што мислиш, зошто Горан не може да ѝ одговори на Софи дали последната реченица што е напишана на таблата е вистинита или лажна?; Дали прашањата на Горан се разликуваат од последното прашање на Софи? и слично.<br>• Се дискутира за постоењето правила во разговорот, за важноста на тие правила и за потребата од фер и добронамерен пристап во разговарањето.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 1.2.) |

**Тема 2: Етика**

***Знаења/вештини***

- Препознава и разликува што е праведно, а што е неправедно.
- Ја препознава и ја разбира вистината како вредност низ конкретни примери.
- Препознава што е добро, а што е лошо однесување.

***Ставови/вредности***

| | |
|---|---|
| • Ја разбира важноста на правилата за доброто однесување.<br>• Ја прифаќа важноста на добрината и доброто постапување како клучни за добриот соживотот со другите.<br>• Ги почитува различните мислења.<br>• Разбира дека искрениот, внимателен и трпелив разговор е важен за разбирањето со другите и доброто на сите. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Дали секогаш мора да ја кажуваме вистината?** (праведност, вистина, исправно, погрешно)<br>Број на часови: 2 | • Учениците седат во круг и започнува играта „Расипан телефон“. Ако слушнатиот збор што гласно треба да го изговари последниот ученик/ученичка се разликува од оној која го кажал/а првиот/првата ученик/ученичка, започнува разговор за некое од следните прашања: Дали тој/таа лаже кога искажува нешто различно од зборот кој бил кажан прв? Кога велиме дека нешто е лага? Дали некогаш сте кажале лага? Како сте се чувствувале кога сте лажеле? Дали сте слушнале за изразот „бела/невина“ лага или изразот „лажги со опашки“? Што значат тие? и сл. Ако зборот на првиот ученик/ученичка е ист со зборот на последниот ученик/ученичка, тогаш првото прашање се поставува на следниов начин: „Ако последниот ученик/ученичка кажеше нешто поинакво од она што го смисли првиот ученик/ученичка, дали тоа значи дека лажел/а?<br>• Се чита приказната „Кој е виновен?“ (приложена како додаток на сценарито за часот бр. 2.1. од Прирачникот за наставници) по што се започнува разговор за тоа што е интересно или необично во приказната. По завршувањето на краткиот разговор се поставуваат четири листа хартија на различни делови од училницата на кои се испишани ставови поврзани со приказната. Учениците треба да застанат покрај листот на кој е напишан ставот со кој најмногу се согласуваат. На пример: „Јан требаше да излаже за да го заштити својот другар Тине“, „Јан требаше да каже дека соседот Петар го скршил прозорецот“; „Јан требаше да му рече на Тине да му ја каже вистината на својот татко“ и „Друго“ (учениците ја одбираат оваа опција ако мислат дека решението треба да биде поинакво од приложените). Откако учениците ќе го одберат ставот со кој најмногу се согласуваат, започнува разговор во кој за тие ставови треба да се дадат аргументи.<br>• Се разговара за последиците кои ги имаат кажувањето на вистината и лажењето во различни ситуации како општо за прашањето дали секогаш треба да ја кажуваме вистината.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 2.1.) |
| • **Како да постапиме?** (препознавање на етички поими, добро и лошо, добро постапување во тешки ситуации, внимателен разговор, соработка) | • Вежба во која учениците по случаен избор извлекуваат листови хартија со испишани соодветни хипо/хипероними со цел да се формираат групи. По завршувањето на вежбата започнува разговор за следните прашања: Како препознавте кои зборови припаѓаат заедно? Постои ли друг начин на кој можат да се поврзат зборовите? Целта на оваа вежба е да се |

| | |
|---|---|
| Број на часови: 2 | препознаат и групираат различните видови поими и евентуално да се препознаат етичките поими, со што се вежба критичкото мислење.<br>• Учениците се делат во групи од четири и секоја група добива различен етички проблем. На пример: Тројца пријатели продаваат домашни колачиња на локалниот пазар. Со заеднички заработените пари одлучуваат да купат лозови за лотарија. Двајца од нив немаат среќа и не добиваат награда, но третиот е добитник на велосипед. Почнува разговор во групите за следните прашања: На колку различни начини би можела да се продолжи приказната? Кои се разликите помеѓу таквите различни продолженија? Ако би требало да бидеш еден од ликовите во приказната, кој лик би бил/а? Што би направил/а кога би бил/а еден од ликовите во приказната? По завршувањето на вежбата ставовите се споделуваат со другите ученици.<br>• Се разговара за прашањето дали е секогаш лесно да се одлучи како да се постапува добро.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 2.2.) |

**Тема 3: Што и како постои?**

***Знаења/вештини***

- Разликува реално од замислено.
- Разликува суштински и несуштински својства на предметите.
- Разликува математички поими и физички предмети.

***Ставови/вредности***

- Разбира дека нештата постојат на различни начини.
- Ги разбира разликите и поврзаностите на нештата во светот.
- Прифаќа дека разговорот е важен за согледувањето на различните мислења за светот и сè во него.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • **Начини на постоење и својства на предметите** (реално и замислено, суштински и несуштински својства, математички поими и физички предмети)<br>Број на часови: 2 | • Од учениците се бара на лист хартија да запишат: а) нешто што го има во училницата во тој момент, б) нешто што било во училницата, но не е повеќе, в) нешто што никогаш не би можело да биде во училницата и г) нешто што би сакале да го има во училницата. По завршувањето на вежбата учениците ги споделуваат своите одговори на првото прашање и се разговара за тоа дали сите се согласуваат дека тие предмети се во училницата и дека постојат. По второто прашање се разговара за тоа дали сите можат да се сетат на предметите и дали тие предмети продолжиле да постојат. По третото и четвртото прашање учениците ги сместуваат своите |

| | |
|---|---|
| | одговори во групите на реалното или замисленото.<br>• Учениците се прашуваат дали некогаш виделе одредено животно. Потоа замислуваат голема група од тие животни, по што се разговара за тоа како можеме да замислиме толку многу животни заедно ако никогаш претходно не сме ги виделе заедно.<br>• На учениците им се прикажуваат слики од дрво низ четирите годишни времиња, по што можат да се поставaт следните прашања: Дали е тоа истото дрво? Што е тоа што не се менува низ годишните времиња? Што всушност е дрво? (кои карактеристики го прават да биде дрво?) Учениците се делат во две групи. Едната група се преправа дека се вонземјани кои никогаш претходно не виделе дрво и ја предизвикува другата група да се обиде да им објасни што всушност е дрво.<br>• Се разговара за тоа дали замислените нешта постојат, дали броевите се наоѓаат во предметите или се надвор од нив и кои својства се најважни за одреден предмет.<br>• Во спроведувањето на овој час може да се употребат и делови од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал заедно со програмата).<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 3.1.) |
| • **Апстрактни поими и поимот на материјата** (конкретни и апстрактни поими, нематеријални нешта, замислени нешта и фантазија)<br>Број на часови: 2 | • Учениците се делат во две групи и по случаен избор извлекуваат картички на кои се запишани зборовите: правда, вистина, солидарност, чесност, простување, искреност, пријателство, храброст, мудрост и сл. Секоја група извлекува три картички по што им се дава време меѓусебно да разговараат за значењето на зборовите. Потоа, групите одбираат претставници кои треба да ги објаснат зборовите на другата група без да ги изговорат самите зборови. Објаснувањето може да биде усно – со наведување или преку кратка приказна; визуелно - преку цртеж; или физички - преку пантомима. Секој ученик од групата може да одбере по еден збор или начин на објаснување. По презентациите, другата група има неколку минути да се обиде да ги погоди зборовите кои се објаснувани, по што ги запишуваат на лист хартија. Вежбата се спроведува наизменично за секој од шесте зборови во двете групи. По завршувањето на вежбата учениците треба да кажат зошто го одбрале тој начин да го објаснат зборот.<br>• Следува разговор за тоа дали објаснувањата добро ги насочуваат кон зборовите кои треба да се погодат и дали (и зошто) е потешко да се објаснат/опишат зборови за нематеријални нешта отколку зборови за материјални предмети.<br>• Во спроведувањето на овој час може да се употребат и делови од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен |

| | |
|---|---|
| | материјал заедно со програмата).<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 3.2.) |

**Тема 4: Како знаеме дека нешто знаеме?**

***Знаења/вештини***

- Знае и разбира што е вистина, а што е лага.
- Разликува знаење, мислење и верување.
- Разбира дека при набљудувањето се користат различни сетила, но и умот.

***Ставови/вредности***

- Ја прифаќа важноста на внимателното размислување кога е соочен/а со неистражени верувања и предрасуди.
- Ја разбира важноста и вредноста на науките.
- Ја прифаќа важноста на соработката како пат до знаењето.
- Разбира и прифаќа дека постојат различни сетилни и физички способности кај луѓето.
- Ги почитува мислењата и верувањата на другите.
- Ја разбира важноста на давањето аргументи.
- Ја прифаќа важноста на споделувањето на мислите и ставовите со другите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • **Знаење, мнение, верување** (давање аргумети, научно и ненаучно, верување, мислење, знаење)<br>Број на часови: 2 | • Се чита текст (претходно подготвен од страна на наставникот) во кој се содржани неколку глаголи, како што се: верува, мисли, смета, знае, докажува, по што следи разговор за разликата помеѓу „мисли“ и „знае“, за разликата помеѓу „верува“ и „знае“. По разговорот учениците запишуваат три реченици: за нешто што со сигурност го знаат; за нешто во што веруваат, но не можат да го докажат и за нивното мислење во врска со некоја филозофска тема. Учениците потоа одбираат една реченица што ќе ја споделат со другите. Се одредува вид реченици е најзастапен меѓу споделените и се поведува разговор за врската помеѓу тој вид реченици со останатите два вида.<br>• Се чита текст од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал со програмата) во кој се содржи морален проблем во случај на истовремено ширење пожар во две куќи. Видот на решенијата на овој проблем, што ќе ги понудат учениците, се споредува со видот на решенијата што ќе ги понудат за една едноставна математичка равенка.<br>• Се разговара за тоа дали е полесно да се зборува за нештата што ги знаеме, за нештата во кои веруваме или за нашите мислења за одредени нешта. Исто така, се поставуваат прашања за |

| | |
|---|---|
| | значењето на науката, за почитувањето на различните мислења, за толеранцијата кон различните верувања и сл.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 4.1.) |
| • **Сетилни илузии** (сетила, размислување)<br>Број на часови: 2 | • На таблата се испишани следните зборови: гледам, слушам, мирисам, допирам, вкусувам. Учениците по случаен избор одбираат различни предмети: памук, примерок од парфем, парче текстил, играчка, фотографија, музичка кутија и сл. Со секој предмет учениците добиваат по една бонбона со различни вкусови. Потоа, секој ученик го опишува предметот што го одбрале и бонбоната што ја добиле. Наставникот на таблата забележува колку пати биле споменати секој од глаголите гледам, слушам, мирисам, допирам и вкусувам. Се поведува разговор за тоа кое сетило сметаат дека им е најпотребно. Разговорот може да се почне со некое од следните прашања: Без кое сетило животот би бил многу потежок? Кое сетило го користите најмногу во вашето секојдневие? Дали некогаш би сакале да исклучите некое сетило?<br>• На учениците им се прикажуваат неколку познати оптички илузии по што тие треба да опишат што се случува со нивниот вид. Сликите можат да содржат илузии во кои заднината исчезнува, сликите се заматени, исчезнуваат или боите се менуваат при фокусирање на погледот или промена на заднината итн. Се отвора разговор за различните искуства. Разговорот може да почне со прашања како што се: Дали секогаш можеме да се потпреме на сетилото за вид?; Дали сите го гледаме истото нешто?; Можеме ли да бидеме сигурни во тоа што го гледаме?.<br>• На учениците им се прикажува слика на предмет што е зголемен и слика на истиот предмет во природна големина. Започнува разговор за следните прашања: Дали се променила големината на предметот или, пак, се случила некоја друга промена? Како можеме да ја определиме големината на предметот? Разговорот може да продолжи во следнава насока: Дали можеме да се потпреме само на сетилата за да ја разбереме реалноста?; Дали секогаш можеме да им веруваме на сетилата?.<br>• Учениците добиваат задача да ја прочитаат специјално подготвената верзија на „Митот за пештерата“ во дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал заедно со програмата). Потоа тие подготвуваат слика, уметничка изработка или колаж со кој ќе го претстават митот, што понатаму може да се искористи како основа за разговор околу прашањето за тоа колку можеме да им веруваме на сетилата.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени |

<table>
<tr><td></td><td>активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 4.2.)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тема 5: Убавина и уметност</td></tr>
<tr><td colspan="2">Знаења/вештини</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Го препознава и разбира поимот убавина.<br>• Препознава различни својства на убавината.<br>• Препознава различни појави на убавината во природата и во општеството.<br>• Ја разбира поврзаноста помеѓу убавината и добрината.<br>• Препознава уметност и различни форми на уметност.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Ставови/вредности</td></tr>
<tr><td colspan="2">• Ја прифаќа важноста на убавината во нашата околина и култура.<br>• Ја прифаќа важноста на убавината и уметноста за себе и за другите.<br>• Ја прифаќа потребата од уметничко изразување.<br>• Ги прифаќа различното уметничко изразување во различните култури.</td></tr>
<tr><td>Содржини (и поими) и број на часови</td><td>Примери за активности</td></tr>
<tr><td>• Што е убавина? (убаво, грдо, објективност, субјективност, култура, околина, природа)<br>Број на часови: 2</td><td>• Два ученика изведуваат претходно подготвена, кратка театарска претстава (дијалозите придружени со илустрации се понудени во специјално подготвената збирка мини-театарски сценарија насловена „Филозофски мини-театар“, приложена нако наставен материјал заедно со програмата). За време на изведбата наставникот ги прикажува соодветните илустрации за сцените. По изведбата започнува разговор за впечатоците и за тоа дали нешто ги поттикнало на размислување. Доколку се изведува претставата „Бубавина“, на учениците им се поставува прашањето со кој лик се согласуваат и соодветно се делат во три групи, оние што се согласуваат со ликот на Јана, оние што се согласуваат со ликот на Матеј и оние што не се согласуваат целосно ниту со Јана ниту со Матеј. Започнува разговор за тоа дали се согласуваат дека нештата можат да бидат „полугрди“ или пак само грди или убави. Се продолжува со разговор за „внатрешната убавина“ и за тоа како убавината може да биде скриена. Доколку во текот на разговорот учениците го променат своето мислење им се дозволува да се придружат на некоја од другите групи.<br>• Се продолжува со разговор за тоа зошто некои нешта се убави, некои грди, а некои ниту убави ниту грди; поради кои својства нешто е убаво или грдо; дали некои својства имаат ист или различен ефект кога ги откриваме во различни нешта; дали природата е поубава од градовите или е обратно; дали сè во природата е убаво; дали убавината се наоѓа во самите нешта или пак</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | зависи од тие што ја гледаат; што значи „да се има различен вкус“; дали кога нешто е еубаво, убаво е за сите; дали убавината е поврзана со добрината; што е тоа убавина итн.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 5.1.) |
| • **Што е уметност?** (уметност, видови уметност)<br>Број на часови: 2 | • Два ученика изведуваат претходно подготвена, кратка театарска претстава (дијалозите придружени со илустрации се понудени во специјално подготвената збирка мини-театарски сценарија насловена „Филозофски мини-театар“, приложена нако наставен материјал заедно со програмата). За време на изведбата наставникот ги прикажува соодветните илустрации за сцените. По изведбата се започнува разговор за впечатоците и за тоа дали нешто ги поттикнало на размислување. Доколку се одбере претставата „Зошто Ван Гог? Зошто не јас?“, по изведбата на учениците им се поставува прашањето која слика повеќе им се допаднала, сликата на Ана или „Ѕвездената ноќ“ на Ван Гог и соодветно се делат во групи. Потоа се поставува прашањето дали се согласуваат со тврдењето на ликот на Илина дека иако Ана слика убаво, таа не е уметник. Разговорот продолжува со прашањето дали се согласуваат со Ана дека Илина мисли дека Ван Гог е уметник, а таа не, е само поради нејзиниот личен вкус. Потоа се поставува прашањето дали доколку сликата на Ана се наоѓа изложена во галерија, таа би се сметала за уметност. Ако во текот на дискусијата учениците го променат своето мислење, тогаш им се дозволува да се придружат на некоја од другите групи.<br>• Разговорот продолжува на некоја од следните теми: Дали нешто мора да биде убаво за да се смета за уметност?; Дали грдите нешта можат да бидат уметност?; Дали постарите уметнички дела се повредни од новите?; Дали чувствата се важни при одлуката дали нешто е уметност или не?; Која е вашата омилена уметност?; Што прави едно уметничко дело да биде познато?; Кој одлучува што е уметност?; Што е уметност? и сл.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 5.2.) |

| **Тема 6: Праведно општество** |
|---|
| ***Знаења/вештини*** |
| • Ја препознава и ја разбира праведноста и нејзината практична примена во секојдневниот живот.<br>• Ја препознава важноста на демократското одлучување.<br>• Ја препознава и ја разбира неправедноста и нејзините последици во заедницата.<br>• Ја разбира можноста за злоупотреба на моќта за одлучување и нејзините негативни последици. |
| ***Ставови/вредности*** |

- Го прифаќа и разбира штетното влијание на неправдата во заедницата.
- Ја прифаќа важноста на праведноста во непосредната и пошироката околина.
- Ја прифаќа и разбира важноста на разговорот и ги почитува и размислува за туѓите мислења.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
|---|---|
| • **Демократија и праведно општество** (демократија, правдно, неправедно)<br>Број на часови: 4 | • Се чита приказна со морална порака за важноста на праведноста, на пример, Езоповата „Двете мачки и мајмунот“. Учениците запишуваат неколку зборови кои тие мислат дека се најважни за приказната, а потоа даваат објаснување на кој начин тие зборови се поврзани со приказната. Учениците се делат на парови и секој пар запишува едно прашање во кое има некој од клучните зборови за приказната. Секој пар го чита прашањето и го поставува во кругот што го имаат оформено самите ученици. Сите ученици заедно одбираат едно од тие прашања за кое сакаат да разговараат. Учениците кои го составиле избраното прашање им објаснуваат на другите ученици зошто го одбрале тоа прашање и ги споделуваат своите размислувања за можниот одговор. Потоа, нивната задача е да ги поттикнат другите да размислуваат за одбраното прашање. Во текот на разговорот наставникот може да ги постави следните прашања: Дали е праведно некој да ја искористи својата положба во општеството за да ги постигне личните цели?; Во кои случаи одлуките во заедницата се најправедни?; Кога велиме дека една одлука е демократска?; Можете ли да наведете примери на демократско одлучување во вашата околина?.<br>• Учениците наведуваат што е можно повеќе зборови кои можат да се поврзат со зборот демократија и тие се запишуваат на таблата. Потоа заеднички размислуваат за демократијата како еден од начините да се организира заедничкото живеење.<br>• Учениците одигруваат процес на избори за градоначалник/претседател на нивната заедница во училницата. Учениците се делат на три групи и секоја група добива посебни насоки. Првата група ги избира кандидатите и нивните помошници. Заедно смислуваат програма што може да го подобри нивното секојдневие во заедницата/одделението. Втората група е одговорна за спроведување на изборите, ги подготвува гласачките ливчиња и местото за гласање. Третата, и најголемата, група се гласачите. Откако ќе ја слушнат програмата/предлозите на кандидатите гласаат за градоначалникот/претседателот на заедницата. Потоа се прави проценка на целиот процес и неговата содржина. Учениците треба да го објаснат своето искуство и што откриле и научиле за праведноста, демократијата и организацијата на еден процес од кој зависи целата заедница.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценаријата за часовите бр. 6.1. и |

| | |
|---|---|
| | 6.2.) |

**Тема 7: Јас и другите**

***Знаења/вештини***

- Ги препознава разликите помеѓу себе и другите.
- Разбира дека запознавањето на себеси и другите е важно за личниот развој.
- Може да препознае кои лични својства го прават да биде тоа што е.
- Препознава кои нешта во општеството влијаат на неговиот развој и влијаат да биде тоа што е.

***Ставови/вредности***

- Прифаќа дека размислувањето е важно за личниот развој.
- Ја разбира и прифаќа важноста на способноста да се сослушаат, разберат, да се почитуваат и да се размислува за ставовите и верувањата на другите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • **Кој сум јас?** (јас, другите, личен развој, личност)<br>Број на часови: 4 | • Учениците учествуваат во друштвената игра „Кој сум јас и кој си ти?“ (понудена како наставен материјал заедно со програмата), поделени во мали групи од 5 ученици. Секој ученик/чка фрла коцка и се придвижува за соодветен број места на таблата. Кога ќе пристигне на поле со прашалник, извлекува картичка со прашање. Откако ученикот/чката ќе одговори на прашањето, другите ученици се повикани да учествуваат во разговор за прашањето и одговорот. На таблата има и полиња со слики за соодветни активности. Прашањата кои би можеле да се паднат при извлекувањето се следните: Дали е можно да станеш некој друг или нешто друго? Кога/во кој случај/под кои околности?; Дали нашиот изглед влијае на тоа кои сме?; Дали ти сè уште би бил ти кога би имал поинакво име? Ако го смениш името, дали ќе станеш некој друг?; Дали понекогаш посакуваш да изгледаш како некој друг? Како кој, на пример? Треба ли да се трудиме да бидеме како другите луѓе или е во ред да бидеме онакви какви што сме? и сл. Кога ученикот/ученичката ќе пристигне на поле со извичник, извлекува карта со опишана активност што треба да ја спроведе. Примери за полињата со активностите: 1) „Погледни се во огледалото и објасни што гледаш!“. Појдовна точка за разговор: Додека растеме нашите лица се менуваат, но ние остануваме исти.; 2) „Замисли некое чувство и обиди се да го изразиш со своето лице!“ – Другите треба да погодат кое чувство се обидуваш да го изразиш. Појдовна точка за разговор: Промената во однесувањето и чувствата нам нè менува.; 3) Слика со џемпер – активност: „Облечи џемпер/блуза што припаѓа на некој од твоите соученици и потоа кажи кој си.” Појдовна точка за расправа: „Облеката го чини човекот!“ и сл. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците се делат на парови. Наставникот дели по три картички на секој пар со следните недовршени реченици: Единствено јас можам да (ги, ја) имам...; Јас и другите можеме да (ги,ја) имаме...; Само другите можат да (ги,ја) имаат... Учениците потоа добиваат ливчиња на кои се испишани следните нецелосни реченици: … одговорноста да не ги лажам/лажеме/лажат моите другари; … одговорноста да не зборувам/зборуваме/зборуваат додека гледаме филм; … истите пријатели кои јас ги имам; … облеката што ја носам; … моите родители; … ист вкус за музика или интерес за истиот спорт. … истите сеќавања и сл. Учениците добиваат задача да ги подредат нецелосните реченици според трите категории на картичките.<br>• По оваа активност следи разговор во кој учениците ги образложуваат своите одговори. Целта на вежбата е да се разликуваат дејствата и својствата кои се суштински за нашата личност и нашиот идентитет од оние кои се случајни и несуштински.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценаријата за часовите бр. 7.1. и 7.2.) |

**Тема 8: Биоетика**

***Знаења/вештини***

- Проценува колку некои дејствија се добри или лоши.
- Разбира што е солидарност, праведност и корисност.
- Разбира колку е сложена и важна улогата на медицинските лица.
- Разбира што е добро, а што не е добро за околината и животните.
- Разбира дека има одговорност за своите постапки пред себе и пред другите.

***Ставови/вредности***

- Ја разбира и ја цени вредноста на животот на сите суштества и вредноста на целата жива и нежива природа.
- Ја прифаќа и ја почитува важноста на екологијата.
- Ја разбира и ја цени важноста на сочувствувањето во односите со целиот жив свет.
- Ја разбира и ја прифаќа важноста на меѓусебното разбирање и хуманоста.
- Ја прифаќа и ја цени важноста на соработката која е важна за доброто на сите.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| • **Животната средина и правата на животните** (животна средина, права, лична одговорност и одговорност кон другите, сочувствување)<br>Број на часови: 2 | • Се изведува вежбата наречена „Автобуска станица“. На различни места во училницата на картончиња се прикачени следниве прашања: Дали животните имаат права?; Какви обврски имаме кон животните?; Треба ли да ја штитиме животната средина? Зошто?; Што можеме секојдневно да правиме за да ја заштитиме животната средина?; Дали треба да постојат закони како и казни за лошото однесување на луѓето кон животните и кон животната средина?; Дали морам да рециклирам? Зошто?. Одејќи од станица до станица, учениците на лепливи ливчиња ги запишуваат и прикачуваат своите одговори на прашањата поставени на секоја станица. Со читањето на одговорите на секоја станица се иницира разговор.<br>• Учениците учествуваат во игра на улоги, во која се поделени на две групи: членови на Министерството за животната средина и животните и пратеници во Собранието. Учениците кои се дел од Министерството извлекуваат броеви, по што наставникот/чката кажува еден број по случаен избор. Ученикот кој го извлекол тој број е Министерот/Министерката, а останатите се негови советници. Секој од членовите на Министерството предлага закони кои се однесуваат на околината и правата за животните. Предлозите треба да ги содржат следните формулации: Секој граѓанин мора... Ниту еден граѓанин не смее... Членовите на Собранието го следат разговорот помеѓу членовите на Министерството и поднесуваат свои предлози. Потоа секој член на Собранието внимателно ги чита предлозите и доколку не се согласува повикан е пред другите да објасни зошто не се согласува. По завршувањето на постапката секој член на Собранието јавно гласа за предлозите, а наставникот ги забележува гласовите. Следи разговор за постапката со која се донесени законите и за проблемите за кои се разговарало.<br>• За овој час може да се употребат и делови од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал заедно со програмата).<br>• Целта на часот е да се разговара за прашањата поврзани со правата на животните и заштитата на животната средина, како и за наоѓање решенија со кои ќе почитуваат сите живи суштества.<br>• Во спроведувањето на овој час може да се употребат и делови од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал заедно со програмата).<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 8.1.) |
| • **Лекарска етика и одговорност** (лична одговорност и одговорност кон другите, права, обврски, соработка, сочувствување) | • Се читаат два текста од дидактичкиот материјал „Софи во земјата на мислењето: Авантура за младите умови“ (понуден како наставен материјал заедно со програмата). Едниот се однесува на морални прашања во врска со солидарноста а другиот на морални прашања во врска со крадењето. Учениците се поттикнуваат да разговараат за моралноста на постапките на |

| | |
|---|---|
| Број на часови: 2 | ликовите во приказната. На крајот учениците се замолуваат да споделат случки кои тие ги чуле или доживеале, а кои содржат слични морални проблеми. Потоа тие, заедно со другите ученици, дискутираат за прашањата кои произлегуваат од овие случки.<br>• Учениците се делат на две групи по случаен избор: лекари и пациенти. Потоа, учениците извлекуваат картички на кои е опишана нивната улога во играта: 1) редослед на пристигнување во болницата; 2) итноста од лекарска помош; 3) возраста на пациентот; 4) улогатата на пациентот во општеството. Пациентите, еден по еден, објаснуваат зошто токму тие треба први да добијат лекарска помошврз основа на информациите запишани на нивната картичка. Лекарите можат да прегледаат само три пациенти тој ден. По кратка консултација, лекарите треба да одлучат кои три пациенти ќе бидат прегледани и потоа ќе ги образложат нивните одлуки. Избраните пациенти можат да го отстапат своето место на друг пациент со образложение зошто ја донеле таа одлука. Процесот се повторува за наредните денови сѐ додека не се утврди редоследот на лекување на сите пациенти кој потоа ќе биде запишан на таблата. По завршувањето на активноста се започнува разговор за направените одлуки и добиениот распоред.<br>• Преку заземањето на улогите на лекарите и пациентите, една од целите на часот е да се разбере сложеноста на работата на медицинските лица и нивната голема одговорност.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 8.2.) |

**Тема 9: Слободна тема**

***Знаења/вештини***

- Го разбира поимот на самостојно размислување и развивање на сопствените ставови и интереси.
- Ја разбира потребата од давање аргументи.

***Ставови/вредности***

- Ја прифаќа важноста на свеста за себе и сопствениот развој како мислител и личност.
- Ја прифаќа и цени љубопитноста и зачуденоста во продлабочувањето на знаењата.
- Ја прифаќа и ја почитува важноста на сослушувањето, разбирањето и почитувањето на туѓото мислење.
- Ја прифаќа важноста на соработката при справувањето со предизвиците.

| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
|---|---|
| • **Омилена филозофска тема** (лично мислење, љубопитност, зачуденост, креативност, соработка, сочувствување) | • Се отвора дискусија на тема: Дали може да се води филозофска дискусија за која било тема? Учениците ја наведуваат својата омилена активност (спортување, колекционерство, слушање музика, дружење со пријатели, гледање видеа на интернет, користење социјални мрежи и сл.). Учениците наведуваат филозофски проблем или тема што е поврзана со нивната омилена |

| | |
|---|---|
| Број на часови: 2 | активност, имајќи ги на ум темите кои биле разгледани на претходните часови. Некои активности можат полесно да се поврзат со филозофска тема, како што е слушањето музика со темите за убавина и уметност. За некои ќе биде потребено подлабоко размислување и разговор. На пример, спортувањето може да се поврзе со проблемот на праведноста, колекционерството со проблемот на сопственоста, дружењето со пријателите и користењето на социјалните мрежи со проблемот на вистинското пријателство итн. Учениците треба да ги образложат своите одговори и да се осврнат на врската помеѓу нивната омилена активност и филозофската тема.<br>• Учениците се прашуваат дали има некоја филозофска тема што особено ги интересира, но не успеале да ја отворат на претходните часови. Ако се појави таква тема/прашање, се поведува разговор за неа/него со сите ученици.<br>• Секој/а ученик/чка ја наведува својата омилена тема или филозофски проблем што бил дискутиран на претходните часови. Секоја наведена тема се запишува на таблата и се спроведува гласање. Секој/а ученик/чка ги вреднува темите запишувајќи 3, 2 и 1 поен до нивните омилени теми. Темата/филозофското прашање со најмногу поени повторно се разгледува. Се поставува прашањето дали нешто се променило во начинот на кој размислуваат за нивната омилена тема, по што се разговара зошто се случиле тие промени.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 9.1.) |
| • **Што е филозофија?** (филозофско размислување, личност, критичка мисла, соработка, сочувствување, личен развој)<br>Број на часови: 2 | • Подготовка на филозофска торта. Од учениците се бара да запишат две теми за кои сметаат дека се најважни од филозофските теми за кои се разговарало на претходните часови. Додека секој ученик ги објаснува своите две избрани теми, тие се запишуваат на таблата. (Темите кои се повторуваат се запишуваат само еднаш). Учениците се прашуваат дали може некои од темите напишани на таблата да се спојат во една тема. Пред да се спојат некои од темите на таблата, се замолуваат учениците да образложат зошто мислат дека може тоа да биде направено и се започнува разговор за тоа дали поврзувањето на темите е оправдано. Исто така се поттикнува и разговор за тоа како треба да се именуваат споените теми. (На пример, филозофските теми од областа на етиката можат да се групираат заедно. Истото важи и за другите филозофски области.)<br>• Учениците се повикуваат пред таблата со цел заедно да го состават „рецептот за филозофската торта“. Секој од учениците запишува поени до темите на таблата според нивната важност. (Пример: ако има 10 теми, тие треба да дадат 10 поени на онаа тема за која мислат дека е најважна, 9 поени за втората по важност и така натаму.) Пред учениците да ги рангираат темите се користат картончиња на кои е испишан еден број за да ги претставите темите на таблата и се поставуваат на различни места во училницата. Откако учениците ќе завршат со |

| | |
|---|---|
| | рангирањето на темите, се замолуваат да седнат покрај картончето што ја претставува темата на која дале најмногу поени, така што на крајот од вежбата се формираат групи ученици. Се започнува разговор со прашање кон секоја група во врска со нивниот избор за најважна филозофска тема. Другите групи образложуваат зошто не се согласуваат. По разговорот им се дава можност на учениците да го променат редоследот на рангирањето, а ако се премислат околу прашањето за најважната тема, да седнат во друга група. Поените на учениците за секоја тема се сумираат со што се составува „рецептот за филозофската торта“, по што се изведува заклучок од што е направена највкусната „филозофска торта“. (Пример: 96 грама „добрина и добро однесување“, 83 грама „убавина и уметност“, 70 грама „знаење и верување“ и така натаму).<br>• Се посочува дека составот на тортата е сликовито претставен со групите што се формирале во училницата кои се со различни мислења, но и дека конечната вкусна филозофска торта може да „се испече“ само кога сите работат и се забавуваат, размислувајќи заедно.<br>(Детално објаснување на чекорите за спроведување на овие активности, како и други предложени активности, може да најдете во Прирачникот за наставници во сценариото за часот бр. 9.2.) |